Врз основа на член 1 и 6 од Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидати  за пратеници во  Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година, како и точка 3 од Роковникот за утврдување на кандидати  за пратеници во Собранието на  Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година, усвоени на петнаесетата седница на Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија одржана на 26.12.2023 година , се објавува:

# О Т В О Р Е Н   П О В И К

## за самокандидирање на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Парламентарни избори 2024 година

Врз основа на  Статутот на Социјалдемокатскиот сојуз на Македонија како и горенаведениот Правилник и Роковник, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија започна со постапка за утврдување на кандидати  за пратеници во  Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година. Во согласност со  напред наведеното даваме можност за самокандидирање и на личности кои не се дел од СДСМ.

За таа цел ги повикуваме сите заинтересирани чесни и угледни индивидуи, кредибилни и препознаени во Република Северна Македонија, кои ги поддржуваат нашите политики и имаат идеи да ги надградуваат, личности кои ги споделуваат социјалдемократските вредности и ги делат социјалдемократските идеали, да се самокандидираат за кандидати на СДСМ  за пратеници во  Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година.

Кандидатите на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за Парламентарни избори 2024 година, потребно е  да ги исполнуваат следните критериуми:

- ✓ Да бидат полнолетни, односно да имаат наполнети 18 години;
- ✓ Да имаат деловна способност;
- ✓ Кандидат за Пратениик во Собранието на Република Северна Македонија може да биде граѓанин со постојано живеалиште во Република Северна Македонија;
- ✓ Да ужива висок углед и кредибилитет во локалната заедница и регионот на живеење и  да ја има подршката од сите етнички заедници;
- ✓ Почитување, вреднување на принципите и вредностите едно општество за сите граѓани;
- ✓ Да биде угледен, чесен, професионален и стручен во делокругот на својата работа;
- ✓ Во целост да ги почитуваат начелата и принципите на кои се темели Социјалдемократскиот сојуз на Македонија;
- ✓ Да потпишат изјава за прифаќање и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот во целост да го почитуваат;
- ✓ Да потпишат изјава за прифаќање на кандидатура и обврски за Пратеник од редовите на СДСМ;

Со доставената самокандидатура за Пратеник во Собранието на РСМ за Парламентарните избори 2024 година, кандидатот во хартиена форма задолжително доставува:

1. Стандардизирана биографија/CV;
2. Мотивационо писмо/писмо за намера;
3. Потпишана Изјава за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ;
4. Изјава за прифаќање кандидатура за пратеник од редовите на СДСМ.

Заинтересираните кандидати своите кандидатури со целосна прилог документација во хартиена форма , во затворен плик со назнака Самокандидатура за пратеник за Парламентарни избори 2024, потребно е да ги достават до **21.01.2024** година, до Извршниот одбор на Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија, во седиштето на СДСМ на ул. Бихаќка број 8 Скопје.

Дополнителни информации и потребните образци за комплетирање на документацијата како и Изјавата за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ, се објавени на веб страната на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија www.sdsm.org.mk.

Со почит,

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**